РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УПП Број: / Numer: 03-21

14.10.2026 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

До: Агенција за заштита на личните податоци

За: г

Предмет: Препраќање претставка за постапување по Ваша надлежност

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 01.10.2026 г., по електронски пат, беше доставена претставка од страна на лицето Марија Арсовска (наш бр. 03-21). Во неа, таа реагира на употребата на вештачката интелигенција при нахсинхронизацијата на македонски јазик на турската серија „Бурни времиња", што од 28 септември 2026 година се емитува на Телевизија Алфа, секој работен ден во 19:15 часот. Меѓу другите работи, подносителката во претставката реагира и за прашања поврзани со заштитата на лични податоци.

Агенцијата одговори на прашањата што се од доменот на нашите надлежности, а во однос на прашањето за заштитата на личните податоци, Ви ја доставуваме претставката на Ваше понатамошно постапување согласно Вашите надлежности.

Срдечен поздрав,

Прилог: (1)

- Претставка (наш бр.03-21 од 01.10.2026 година).

Drejtuar: Agjencisë për Mbrojtjen e të Dhënave Personale

Për:

Lënda: Përcjellja e parashtresës për shqyrtim në kuadër të kompetencave Tuaja

Të nderuar,

Më datë 01.10.2026, Agjencisë për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele iu dorëzua në mënyrë elektronike një parashtresë nga personi Marija Arsovska (numri ynë. 03-21). Në të, ajo reagon ndaj përdorimit të inteligjencës artificiale gjatë sinkronizimit në gjuhën maqedonase të serialit turk „Kohë të stuhishme" (Бурни времиња), që nga data 28 shtator 2026 transmetohet në Televizionin Alfa, çdo ditë pune në orën 19:15. Ndër të tjera, parashtruesja në parashtresën reagon edhe për çështje lidhur me mbrojtjen e të dhënave personale.

Agjencia u është përgjigjur çështjeve në parashtresë që janë pjsë e kompetencave tona, ndërsa lidhur me çështjen e mbrojtjes së të dhënave personale, po jua përcjellim parashtresën për veprim të mëtejshëm, në përputhje me kompetencat Tuaja.

Me respekt,

Shtojcë: (1):

-Parashtersë (nr.ynë.03-21 datë 01.10.2026).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

тел. + 389 2 3103 400
www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Agjencia për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele
rr."Makedonija" nr.38, 1000 Shkup
Republikën e Maqedonisë së Veriut

tel: + 389 2 3103 400
www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për Shërbime Mediatike Audio dhe Audiovizuele
Заменик на директорот / Zëvendësi i drejtorit

Мухамер БЕЌИРИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА Е МАКЕДОНИСЕ СЕ ВЕРИУТ
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		01.10.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
УПП 03	21		

ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

Подносител – Име и презиме

I

Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број (за доставување одговор)

Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

Алфа ТВ ДООЕЛ СКОПЈЕ

Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата

Од 29 септември секој работен ден во 19 и 15 часот

Опис
(Подетално образложете на што точно се однесува Вашата реакција)

Како граѓанин и гледачка, сакам да реагирам до Агенцијата АВМУ за итен вонреден програмски надзор врз националниот радиодифузер Алфа ТВ ДООЕЛ СКОПЈЕ. Телевизијата во 19:15 часот започна со емитување на турска серија со целосна надсинхронизација изведена преку вештачка интелигенција и компјутерски генерирани гласови на карактерите, целосно исклучувајќи ги професионалните македонски актери од игра што е единствен случај во цел регион и пошироко. Барам АВМУ да изврши мониторинг и соодветно да постапи доколку има прекршување по однос на следниве законски прекршувања кои се во ваша директна надлежна сфера а доколку не се, да ги посочите кон соодветните правни домови :

1. Директно кршење на ЗААВМУ (Обврска за негување на македонскиот јазик) Применетиот АІ софтвер во серијата покажува тешки технички неисправности во јазичната структура. На многу места се прекршува правилото за тросложно акцентирање на зборовите, па се слуша дека акцентот се става на последно или претпоследно место што е многу грешно. Постои неприродна интонација, постои роботска дикција и постојат многу технички грешки кои на национална фреквенција претставуваат директно сквернавење на јазичните стандарди. Се кршат правоговорните норми со употреба на вештачки синхронизирана драмска серија каде во оригинал постојат човечка емоција, патос и душа. Јазикот е жив организам, а актерот преку гласот пренесува култура и уметност. Применетата вештачка интелигенција во серијата испорачува целосно рамна, роботска и

стерилна дикција, со што се деградира јазикот, се осакатува изразот и говорот, се прекршува обврската за за негување и унапредување на нашиот стандарден јазик. АВМУ е должна да го штити културниот и јазичниот идентитет. Не смее да се замени македонското уметничко творештво, странското уметничко творештво и актерската игра со неквалитетна автоматизација. Во драма каде ликовите плачат, викаат или се смеат, компјутерски произведен глас останува ист цело време како рамна линија. Тоа значи дека ВИ не го пренесува точно значењето на македонските зборови во контекст на сцената, нема психолошка пауза, има неприродни лигатури кои не постојат во македонскиот говор и има рамна аудио амплитуда дури и во сцени со висок драматичен набој каде визуелната експресија на актерот е во директна контрадикција со рамниот, монотон компјутерски звук. Има страотни фреквенциски аномалии кои обичен гледач може да ги детектира, а камоли стручњак. Ова не е прашање на актерски талент, туку на деградирање на аудио квалитетот на медиумскиот производ.

2. Повреда на ЗААВМУ (Програмски начела и технички квалитет) Согласно Медиумите се должни да обезбедат висок квалитет на програмата и да ги почитуваат професионалните стандарди како на пример ЕБУ стандардите. Синхронизацијата на ТВ Алфа содржи дигитално сецкање, метални звуци во гласот и целосно отсуство на амбиентални звуци во позадина.
Се забележуваат фреквенциски аномалии во високиот спектар, појава на phase flanging и неприродна роботска текстура која целосно го урива аудио квалитетот пропишан за национална фреквенција. Она што е особено страшно е и синтаксичко ритмичкото сецкање, односно тоа се случува кога нема природен проток на говорот, па кај синтетичкиот глас се појавува ненадејно дигитално сецкање. Софтверот има проблем со гејт ефектите, каде почетоците и завршетоците на зборовите се нагло отсечени. Дополнително, алгоритмот не ги процесира правилно микро паузите помеѓу зборовите, што резултира со сецкан, неритмичен и замарачки аудио сигнал. Секогаш кога ВИ ликот зборува, позадината паѓа во апсолутна дигитална тишина, создавајќи неприроден вакуум кој претставува тежок технички дефект во аудио миксањето. Додека визуелно сцената се одвива на отворен простор на улица, генерираниот глас звучи како да е снимен во стерилна просторија, без никаков реверб кој би одговарал на околината. Оваа акустичка неконзистентност директно ги крши професионалните стандарди за аудио визуелна синхронизација. Пуштањето на ваков софтверски дефектен и аудио инженерски осакатен производ на национален радиодифузер го деградира целокупниот медиумски етер и ги оштетува гледачите кои треба да гледаат квалитетна јавна услуга.

3. Ќе спомнам и факти во меѓународен контекст како на пример матичната земја на производство на серијата каде постои отпор од синдикатот во Турција при што овој случај се коси со меѓународните практики за заштита на уметниците вклучително и Бернската конвенција. Самите турски актери и нивниот официјален синдикат Oyuncular sendikası во Истанбул веќе водат отворени правни битки и го забрануваат дигиталното клонирање и софтверската обработка на нивниот личен гласовен идентитет во странство без ревизија на договорите. Постапувањето на Алфа го изложува нашиот медиумски простор на сериозен ризик од меѓународни спорови токму со овие синдикати. Кој ќе сноси одговорност за ова доколку настане спор ?

Наместо да ги следи современите европски регулативи, Алфа воведува пиратска пракса на неовластено дигитално клонирање. Во глобални рамки, ваквиот обид за целосна замена на човечкиот труд со нелиценцирана вештачка интелигенција веќе резултираше со остри санкции и забрани. Имаме случај во април годинава каде вропската коалиција на синдикати, предводена од германската Асоцијација на гласовни актери покрена масовен бојкот и штрајк против Нетфликс токму поради нивните обиди да ги користат гласовните снимки на актерите за тренирање на ВИ модели за натсинхронизација. Ваквиот силен синдикален отпор јасно стави до знаење дека AI синхронизација е недозволива во професионалната радиодифузија.
Дури и најголемиот светски синдикат на актери во САД по повеќемесечни штрајкови извојува строги регулативи со кои целосно се забранува употребата на вештачка интелигенција за рекреирање или клонирање на човечки глас без писмена согласност, транспарентност и паричен надоместок. Договорите експлицитно наложуваат дека гласовните актери мора да бидат луѓе. Додека целиот развиен свет преку штрајкови и законски акти како европскиот EU AI Act се бори против ова, кај нас ова се пушта во јавност без ни малку срам.Дали е ова пиратерија во однос на клонирање на туѓи гласови и кој ќе одговара ако настане спор ? Барам АВМУ да препознае дека овој чин го изолира и деградира македонскиот медиумски простор од современите европски стандарди.

4. Човечкиот глас не е само уметнички инструмент, туку претставува биометриски личен податок. Согласно македонскиот Закон за заштита на лични податоци, токму гласовните матрици, фреквенции и акустичните карактеристики на поединецот спаѓаат во категоријата на посебни чувствителни податоци кои овозможуваат единствена идентификација на едно физичко лице. Автоматското софтверско клонирање и модификација на гласовните матрици на странските актери без нивна изречна, писмена и информирана согласност претставува директно кршење на овој закон. Треба да проверите дали постои овластена и законски дозволена обработка на биометриски лични податоци на уметниците кои го создале ова драмско дело. Иако се работи за странски актери, новиот EU AI Act (со чии одредби Македонија има обврска постепено да се усогласува) наложува строга обврска за транспарентност на синтетички генерирани содржини. Молам АВМУ, во рамките на соработката со другите независни тела како што е Агенцијата за заштита на личните податоци да го испита правниот основ за обработка на овие податоци и да утврди дали националниот радиодифузер дистрибуира производ кој е правно нерегуларен во однос на гласовно клонирање и ги загрозува личните права на индивидуалците.

Датум и место на поднесување

01 Октомври 2026

Потпис на подносителот

Ви благодариме!